Врз основа на член 31 став (2) точка 1, а во врска со членовите 33 став (1), 34 став (1) и (4) и 35 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13 и 34/13 и 14/2014), Државната изборна комисија на седницата одржана на 09.04.2014 година, во состав: претседател, Никола Рилкоски, потпретседател, м-р Субхи Јакупи и членовите Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска, Виолета Дума и Бедредин Ибраими, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ**

**I.**Во Одлуките за формирање на општинските изборни комисии („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/11, 65/11, 67/11, 72/11, 15/13, 16/13, 17/13, 21/13, 23/13, 28/13, 32/13, 38/13, 44/13, 49/13, 85/13, 38/14 , 43/14, 56/14 и 59/14), 10-1861/1 од 04.06.2011 година, 10-810/6 од 04.11.2011 и 10-137/1 од 03.04.2013 година се вршат следните изменувања и дополнувања. и тоа:

1. Во составот на Општинската изборна комисија Новаци членот МИРЈАНА КУЗМАНОВСКА, вработена во Општина Новаци, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува ТЕОДОРА МАТЛИЕВСКА вработена во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во Битола.

2. Во составот на Општинската изборна комисија Демир Капија членот ЈОВАН ЈОВАНОВ вработен Општина Демир Капија, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува АНЕТА РИСТОВА вработена во Општина Демир Капија.

3. Во составот на Општинската изборна комисија Лозово заменик претседателот БЛАГИЦА ЛАСОВСКА вработена Општина Свети Николе, СЕ РАЗРЕШУВА.

За заменик претседател се именува АНКИЦА АНАКИЕВА вработена во Општина Лозово.

4. Во составот на Општинската изборна комисија Струга членот ПАВЛИНКА БАНДОСКА вработена во Општина Струга, СЕ РАЗРЕШУВА.

За член се именува СПАСЕНА ИВАНОСКА вработена во Министерство за финансии.

5. За заменик член на Општинската изборна комисија Центар се именува МАНОЈЛО МАНОЈЛОВСКИ вработен во Секретаријатот за спроведување на рамковен договор.

II.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државна изборна комисија.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, лицето избрано за претседател, заменик претседател, членови или нивни заменици на општинските изборни комисии имаат право да поднесат Изјава за неприфаќање на именувањето.
Изјавата за неприфаќање се поднесува до Државната изборна комисија, во рок од 48 часа, сметано од денот на објавувањето на оваа одлука во Службен весник на Република Македонија.
Доставувањето на Изјавата преку пошта не е дозволено.
Решението на Државната изборна комисија е конечно.

Бр. 07-433/1/
Скопје 08.04. 2014 година
( место и дата )

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,
НИКОЛА РИЛКОСКИ

М.П.